# Поддршка на изборите во Западен Балкан



- Јакнење на капацитетите на **изборните органи** за спроведување на изборите на ефикасен, непристрасен и транспарентен начин;
- Подобрување на точноста на **избирачките списоци и процесите на регистрација на гласачите**, вклучително преку ефективна соработка со регистрите на население и јавен увид во избирачките списоци;
- Подобрување на знаењето и капацитетите на **регулаторните тела за медиуми** за следење и регулација на однесувањето на медиумите за време на избори, со што ќе се создадат услови за плуралистичка и фер изборна кампања.

**Фокус**

Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (ОДИХР)спроведува проект за поддршка на изборите во Западен Балкан како поддршка на институциите и граѓанското општество во нивните напори да ги спроведат препораките од набљудувањето на изборите во областите поврзани со управувањето со изборите, регистрацијата на гласачите и улогата и работата на медиумите за време на изборните кампањи.

**Активности**

Тригодишниот проект започна со работа во јуни 2017 година и е финансиран од Европската унија и Австриската агенција за развој. Проектот ќе понуди помош на Албанија, Босна и Херцеговина, Поранешна Југословенска Република Македонија, Црна Гора и Србија. Проектот исто така ќе понуди поддршка и на Косово.*

Активностите ќе се темелат на препораките од претходните мисиите за набљудување на изборите на ОДИХР. Изборите во Косово ги набљудува Европската унија и во тој случај ќе се користат препораките на Европската унија.

Проектот ќе вклучува три фази: (1) почеток (2) спроведување на проектот и (3) научени лекции.

OSCE ODIHR

* Секое упатување на Косово, неговата територија, институциите или населението во овој текст ќе се толкува целосно во согласност со Резолуцијата 1244 на Советот на безбедност на ОН.

„Нашата Канцеларија има долга историја на обезбедување поддршка на институциите и граѓанските општества во спроведувањето на изборните препораки на инклузивен и навремен начин. Со овој проект, се надеваме да ја интензивираме работата во таа насока и да ги поддржиме нашите партнери во Западен Балкан во нивните важни напори за подобрување на изборното законодавство и практики“.

*Ингеборг Солрун Гисладотир*
Директор, Канцеларија на ОБСЕ за демократски институции и човекови права

**1. Почеток**
По **средбата на повеќе засегнати страни** која ќе го означи почетокот на проектот во Варшава, ќе се спроведат **консултативни и плански посети** со цел да се остварат средби со корисниците и да се разговара со релевантните институции и експерти за начините на кои ОДИХР може да понуди помош во согласност со локалните потреби и услови. Истовремено, ќе се изготви **база на податоци на електронски препораки** поврзани со проектот која ќе биде објавена на интернет.

**2. Спроведување на проектот**
Проектот ќе се спроведува во два дела. Првиот дел ќе биде составен од **тематски работилници**, идеално организирани заедно со релевантните институции, кои ќе обезбедат длабинска експертиза и компаративни искуства за секоја група тематски препораки. Вториот дел ќе се состои од **технички експертски посети**, кои ќе обезбедат понасочена поддршка за конкретни препораки преку експертски средби со институциите и граѓанското општество.

Покрај тоа, ќе се организираат и среднорочни посети за оценка пред следните избори за да се оцени спроведувањето на препораките и да се поттикнат позасилени напори за спроведување на преостанатите препораки.

**3. Научени лекции**
Проектот ќе заврши со **процес на анализа** кој ќе ги сумира научените лекции, ќе ја оцени успешноста на различните методи, ќе ги идентификува добрите практики и ќе предложи препораки за мерки кои ќе треба да се преземат во иднина.

**Инклузивни реформи и партнерство**
Долгорочните реформи мора да бидат инклузивни и водени одвнатре. Овој проект ќе ги поттикне постоечките реформски механизми кои го вклучуваат граѓанското општество и други релевантни засегнати страни. Внимание ќе се посвети и на вклучување на групите кои се недоволно застапени во политичкиот живот, како што се жените, националните малцинства и лицата со хендикеп.

Овој проект ќе работи заедно со меѓународните организации за да обезбеди дека активностите се комплементарни на тековната поддршка. Тоа ќе вклучува тесна соработка и консултации со теренските операции на ОБСЕ, делегациите на ЕУ и потписниците на Декларацијата на Обединетите нации за принципите за меѓународно набљудување на изборите.

**Позадина**
Од Самитот во Истанбул во 1999 година до денес, земјите членки на ОБСЕ се обврзале да ги спроведуваат оценките и препораките на ОДИХР за изборите. Тие исто така ја препознаа помошта која ОДИХР може да ја даде во развојот и спроведувањето на изборното законодавство. ОДИХР доследно го поддржува ефективното спроведување на изборните препораки и *Прирачникот за спроведување на изборните препораки* од 2016 година го резимира пристапот на ОДИХР во оваа важна област. ЕУ, препознавајќи ја важноста на демократските реформи за аспирациите за европска интеграција во регионот, исто така ја забележа потребата од поддршка на процесот на спроведување на препораките на ОДИХР.

---

**Детали за контакт**
За повеќе информации за проектот посетете ја
http://www.osce.org/odihr/support-to-elections-in-western-balkans
или контактирајте нè на
wb-project@odihr.pl

**Канцеларија ОЕБС-а за демократске институције и људска права**
**Односи са јавношћу**
Miodowa 10
00-251 Варшава, Польска
Тел.: +48 22 520 0600
Факс: +48 22 520 0605
Е-пошта: office@odihr.pl
www.osce.org/odihr

Funded by the European Union

EUROPEAN UNION

Implemented by the OSCE Office for Democratic Institutions and Human Rights

AUSTRIAN DEVELOPMENT AGENCY

With funding from the Austrian Development Agency

OSCE ODIHR